Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Православен богословски факултет
„Св. Климент Охридски“-Скопје придружна членка

| Примено: 23.02.2024 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | | Вредност |
| | 55/1 | | |

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ДОЦЕНТ ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЦРКОВНОСЛОВЕНСКИ ЈАЗИК НА ПРАВОСЛАВНИОТ БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ „СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Православниот Богословски Факултет „Свети Климент Охридски“- Скопје, придружна членка на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весникот „Вечер“, бр. 18393 од 21.12.2023 година, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања од наставно-научната област на Црковнословенски јазик, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот, бр. 27/1 од 26.01.2024, донесена на 1.редовна седница на ННС од 24.01.2024, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Ѓоко Ѓорѓевски, редовен професор, д-р Дејан Борисов, редовен професор и д-р Виктор Недески, доцент на Православниот богословски факултет.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област Црковнословенски јазик во предвидениот рок се пријави д-р Александар Крстаноски.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот д-р Александар Крстаноски е роден на 19.03.1984 година во Скопје. Средно образование завршил во Македонската православна богословија „Свети Климент Охридски“ во Драчево – Скопје во 2004 година. Со високо образование се стекнал на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ во Скопје. Дипломирал во 2010 година, со одличен успех.

Кандидатот продолжил на втор и трет циклус студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје. Магистерските студии ги завршил во 2016 година, кога го одбранил магистерскиот труд под менторство на проф. д-р Емилија Црвенковска, а докторските студии ги завршил во 2020 година.

Кандидатот активно се служи со англиски јазик.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

### 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**<u>Наставно-образовна дејност</u>**

Во рамките на наставно-образовната дејност, во учебната 2009/2010 година работи како наставник по преметот Веронаука во ОУ „Д-р Владимир Полежиноски“ – Кичево. Од

2010 до 2016 година работи како професор во Македонската православна богословија „Свети Климент Охридски“ – Скопје.

За асистент по Црковнословенски јазик на Факултетот е избран во 2021 година.

Д-р Александар Крстаноски наставната работа ја врши со ентузијазам и ангажираност почитувајќи ги современите барања на наставната работа според ЕКТС и новите идеи што значително влијае врз осовременувањето на планирањето, организацијата и реализацијата на предавањата и вежбите по предметите за кои е избрана. Сите активности поврзани со наставната дејност ги завршува со задоволство, точно и компетентно.

Во поглед на наставната дејност, кандидатот добива високи позитивни оценки од евалуацијата спроведена на Православниот богословски факултет во периодот од 2019 до 2023 година (просечна оценка 9,9).

Постигнатите поени според Образецот 2 кон Извештајот за избор во наставно-научно звање од наставно-образовната дејност од 28,74 поени точно покажуваат колкав е ангажманот на д-р Александар Крстаноски во наставно-образовната дејност. Имено, тој ги надминува по оваа основа предвидените критериуми согласно со Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, (Универзитетски гласник, број 411 од 5 ноември 2018 година).

**Научно-истражувачка дејност**

Во делот на научно истражувачката работа во изминатиов период, д-р Александар Крстаноски го разви својот научен потенцијал и го продлабочи својот истражувачки интерес во областа за која беше избрана за асистент.

Д-р Александар Крстаноски има објавено повеќе научни трудови и учествувано на бројни научно-стручни собири.

Во Извештајот одвојуваме неколку негови оригинални научни труда, како позначајни, објавени во повеќе научни списанија во кои трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кои се индексирани во неколку електронски бази на списанија, како и трудови со оригинални научни резултати, објавени во научни списанија во кои трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кои имаат меѓународен уредувачки одбор:

1. „Јазичните особености на Охридската лествица“, *Monumenta,* Скопје 2017/2018, 135-146;

2. „Записи и натписи од манастирот Света Пречиста Кичевска“, *Кирилометодиевистика 13,* Скопје 2019, 145-157;

3. „Придонесот на академик Ѓорги Поп-Атанасов во проучувањето на старото книжевно наследство во Кичевско, *Прилози. Contributions XLV,* Скопје 2020, 271-278.

Од анализата на приложените трудови утврдивме дека тие се од научната област во која е избран, а се забележува и отворање на неговиот истражувачки интерес кон нови теми. Трудовите на кандидатот д-р Александар Крстаноски ја покажуваат неговата посветеност и способност за продлабочен научен пристап за проучување на филологијата. Презентираните научни сознанија во трудовите укажуваат дека солидно ја владее научно истражувачката проблематика од областа за која се избира.

Централен труд во научно-истражувачката дејност на д-р Александар Крстаноски е: *Писменото културно наследство на манастирот Света Пречиста Кичевска*, Охрид: Канео, 2021.

Своите истражувања, д-р Александар Крстаноски ги претставил на повеќе меѓународни конференции:

1. „Охридската лествица – писмен споменик на македонската средновековна култура", *Прва национална конференција за византологија и медиевистика. Самуиловата држава – 1000 години потоа (1018-2018)*, Охрид 2018;

2. „Црковните богослужбени книги на современ македонски јазик", *Осма меѓународна конференција „Крсте Мисирков и македонскиот јазик – извор на научни истражувања". Јубилеј – 70 години од основањето на институтот за македонски јазик "Крсте Мисирков"*, Скопје 2023.

## Заклучок и предлог

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Александар Крстаноски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Александар Крстаноски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето доцент во научната област Црковнословенски јазик.

Според горе изнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Православниот Богословски Факултет „Свети Климент Охридски"-Скопје во Скопје, д-р Александар Крстаноски да биде избран во звањето доцент во научната област Црковнословенски јазик.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. **Проф. д-р Ѓоко Ѓорѓевски**

2. **Проф. д-р Дејан Борисов**

3. **Доц. д-р Виктор Недески**